ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ НА ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637) ЗА 2012 ГОДИНА

01 2013 03 11

Скопје, Декември 2013

Содржина


| Опис | Страна |
| --- | --- |
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1-9 |
| Финансиски извештаи | |
| Биланс на приходи и расходи за 2012 и 2011 година | 10 |
| Биланс на состојба на ден 31 Декември | 11 |
| Преглед на промени на изворите на капитални средства за 2012 година | 12 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| Вовед | 13-15 |
| Сметководствени политики | 15-18 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 18-23 |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 09-2131/8
Дата: 27.12.2013

ДО
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Државната комисија за жалби по јавни набавки (во натамошниот текст Комисијата), сметка на основниот буџет (637) за 2012 година.

Не е вршена ревизија ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на комисијата за годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија

Врз основа на резултатите од ревизијата, изразивме мислење со резерва за реалноста и објективноста на Билансот на состојба, позитивно мислење за Билансот на приходи и расходи, додека за усогласеноста на активностите во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики изразивме позитивно мислење.

Со ревизија на постојаните средства со кои располага Комисијата констатирано е дека не е извршено упишување на правото на користење на имотот-градежен објект во надлежната агенција како и не е извршено евидентирање на истиот во деловните книги. Во текот на 2011 година од страна на комисијата поднесено е Барање до Агенцијата за катастар на недвижности за утврдување на правниот статус на градежниот објект, по кое агенцијата се уште нема одговорено.
Ревизијата препорачува да се продолжи со отпочнатите активности за запишување на правото на користење на неведениот недвижен имот, како и негова евиденција во деловните книги.

Поради строго дефинираната надлежноста на комисијата во однос на давање на правна заштита во сите фази во постапката за доделување договори за јавни набавки, во пракса исклучена е можноста комисијата во исто време да спроведува постапка за јавна набавка за свои потреби како и да одлучува по евентуална жалба по истата. Заради избегнување на горенаведената можност, за набавка на стоки, услуги и работи за своите потреби, комисијата склучила Договор за вршење на општи и заеднички работи и услуги со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, која во име и за сметка на Комисијата ги спроведува постапките за јавна набавка. Меѓутоа, согласно Одлуката за основање на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, службата врши општи работи и услуги за потребите на самостојните органи на државната управа, управните организации, правосудните органи и други државни органи, врз основа на договор, согласно Листата/список на органи – корисници за набавка на стоки, услуги или работи од службата, на која листа не е наведена комисијата.
Поради наведеното, потребно е да се превземат мерки за надминување на наведената состојба.

Од страна на одговорното лице на субјектот за кој е вршена ревизија, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна 10-12 заедно со ревизија на усогласеност на Државната комисија за жалби по јавни набавки сметка на основен буџет (637), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капитални средства за 2012 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на комисијата за годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од :

- м-р Маја Малахова, Претседател на Државната комисија за жалби по јавни набавки од 04.11.2008 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Државната комисија за жалби по јавни набавки /сметка на основен буџет (637) се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се во примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансискиот извештај. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансискиот извештај без разлика дали е резултат на измами или грешки.

2.4. При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка

на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.5. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 05.09.2013 до 27.09.2013 година кај Државната комисија за жалби по јавни набавки, сметка на основен буџет (637) од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- м-р Цвета Ристовска, помошник на главниот државен ревизор и овластен државен ревизор,
- Татјана Димитровска, виш ревизор и овластен државен ревизор и
- Мирјана Бошкоска Тасевска, ревизор и овластен државен ревизор.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија на ден 04.11.2013 година.

Од страна на одговорното лице на субјектот за кој е вршена ревизија, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

### 3.1. Интерни контроли

### Процес на набавки

3.1.1. Со извршената оценка на системот на интерни контроли во процесот на реализација на договорите за јавни набавки, во кој како договорен орган се јавува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, која во име и за сметка на Комисијата спроведува постапки за јавна набавка, ревизијата констатира дека во текот на 2012 година не се воспоставени соодветни контролни постапки кои ќе спречат ризик од плаќање на производи и услуги по цени различни од договорените. Имено, Комисијата нема назначено лице за вршење на работите поврзани со контрола на реализацијата на договорите во однос на количината и цената на набавените стоки, работи и извршените услуги.
Со извршените детални тестирања и увидот во финансиската документација за 2012 година, ревизијата констатира усогласеност во однос на цените и количините на испорачаните производи/извршените услуги со договорените.

Во текот на 2013 година од страна на комисијата донесена е Одлука за формирање на работна група за контрола на реализација на договорите за јавни набавки број 03-77/2 од 15.02.2013 година, со која се назначени лица за спроведување на контролни постапки во наведениот процес.

**Препорака:**
Раководното лице на комисијата да продолжи со отпочнатите активности за комплетна имплеметација на конролните постапки утврдени во актот за контрола на реализацијата на договорите за јавни набавки.

## 3.2. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

3.2.1. Согласно заклучокот од Триесет и шестата седница на Владата на Република Македонија одржана на ден 09.12.2008 година, заради извршување на работите и задачите, на комисијата е доделен на користење административно - деловен објект, со вкупна површина од 280м2, со кој простор стопанисувал ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на РМ, а кој заклучно со горенаведената дата го користел Министерство за информатичко општество и администрација. Со извршениот увид во расположливата документација, ревизијата констатира дека за наведениот објект не е извршено упишување на правото на користење во надлежната агенција како и не е извршено евидентирање на истиот во деловните книги. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите од Законот за катастар на недвижности и Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Поради наведеното искажаните податоци во Билансот на состојба не се комплетни и целосни.

Во текот на 2011 година од страна на комисијата поднесено е Барање до Агенцијата за катастар на недвижности за утврдување на правниот статус на објектот даден на користење на комисијата, по кое Агенцијата се уште нема одговорено.

**Препорака:**
Раководното лице на Комисијата во соработка со надлежните институции да ги продолжи отпочнатите активности за запишување на правото на користење на неведениот недвижен имот и истиот да го евидентира во деловните книги.

**Вкупни ефекти**

Вкупниот ефект од изнесените состојби во точката 3.2. е не извршено упишување на правото на користење на градежниот објект кој го користи комисијата, во надлежната агенција, како и негово евидентирање во деловните книги.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.2.1. финансискиот извештај Билансот на состојба ја претставува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Државната комисија за жалби по јавни набавки, сметка на основен буџет (637) на ден 31 декември 2012 година.
Според наше мислење, финансискиот извештај Билансот на приходи и расходи го претставува вистнито и објективно, во сите материјални аспекти резултатот од финансиските активности за 2012 година, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Државната комисија за жалби по јавни набавки, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Системски слабости

5.1. Државната комисија за жалби по јавните набавки, како државен орган е надлежена за решавање на жалби во постапките за доделување на договори за јавни набавки, како и надлежен орган за одлучување по жалбите изјавени во постапките за доделување на концесии и Јавно приватно партнерство.
Имајќи ја во предвид организационата поставеност, делување и надлежностите, комисијата одлучува за законитоста на дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија и по одлуките како поединечни правни акти, донесени во постапките за јавните набавки. Исто така, со ваквата правна заштита го промовира одржувањето и развојот на системот на јавни набавки заснован на принципите на конкуренција, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и

интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки, како и на рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

Поради строго дефинираната надлежноста на комисијата во однос на давање на правна заштита во сите фази во постапката за доделување договори за јавни набавки, од објавата на огласот до доделувањето на договорот за јавна набавка, како и по жалби во постапките за доделување договори за концесии и јавно приватно партнерство, во пракса исклучена е можноста комисијата во исто време да спроведува постапка за јавна набавка за свои потреби како и да одлучува по евентуална жалба по истата.

Заради избегнување на горенаведената можност, за набавка на стоки, услуги и работи за своите потреби, комисијата склучила Договор за вршење на општи и заеднички работи и услуги со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, која во име и за сметка на Комисијата ги спроведува постапките за јавна набавка.

Меѓутоа, согласно Одлуката за основање на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, службата врши општи работи и услуги за потребите на самостојните органи на државната управа, управните организации, правосудните органи и други државни органи, врз основа на договор, согласно Листата/список на органи – корисници за набавка на стоки, услуги или работи од службата, на која листа не е наведена комисијата.

Поради наведеното ревизијата смета дека е потребно да се превземат мерки за надминување на наведената состојба.

5.2. Системот на плати, надоместоци на плата, други надоместоци и примања на вработените во комисијата се уредени со Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката и Законот за државни службеници.

Со одредбите од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката се утврдени платите на функционерите назначени од страна на Владата на Република Македонија, Собранието на Република Македонија и Претседателот на Република Македонија.

Со одредбите од Законот за државни службеници се утврдени системот на плати и надоместоци на плати на државните службеници, за кои Владата на Република Македонија со одлуки ги утврдува вредностите на бодот за платите за секоја година, без притоа да се уреди системот на плати и

надоместоци на плати на лицата вработени во државните органи на Република Македонија кои извршуваат технички и помошни работи и кои немаат стекнато статус на државни службеници.

Согласно одредбите од Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија, Владата на Република Македонија имала обврска да донесе посебен акт со еднакви критериуми за сите корисници на Буџетот, со кој акт би се уредиле и платите на лицата кои немаат стекнато статус на државни службеници.

До денот на вршење на ревизијата од страна на Владата на Република Македонија не е донесен наведениот акт.

Во отсуство на донесен акт од страна на Владата на Република Македонија, комисијата во текот на 2010 година има донесено Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платата на работник кој нема статус на државен службеник, со која е одредена вредноста на бодот за пресметување на платата во висина од 40,02 денари.

Оваа состојба претставува континуитет на затекнатата состојба и не е во согласност со одредбите од Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија.

Отсуството на конкретното уредување на платите на вработените во државните органи кои немаат стекнато статус на државни службеници предизвикува:

- разноликост во утврдувањето на платите на оваа категорија на вработени и нивна нерамноправна положба во однос на вработени во други државни органи, односно нивно уредување по затекната состојба од претходни години и
- потешкотии во процесот на буџетирање и утврдување на потребното ниво на средства за оваа категорија на вработени во Буџетот на Република Македонија.

За надминување на утврдената состојба потребно е комисијата во соработка со надлежните институции да превземе активности за иницирање на измени и дополнувања на претходно наведените акти и донесување на акт од страна на Владата на Република Македонија.

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 11.018 | 9.236 |
| **Вкупно приходи** | | **11.018** | **9.236** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 9.505 | 7.488 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 1.464 | 1.512 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **10.969** | **9.000** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3,3 | 49 | 236 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **49** | **236** |
| **Вкупно расходи** | | **11.018** | **9.236** |

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1. | 7 | 7 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 10 | 10 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 1.076 | 757 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1.093** | **774** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 246 | 234 |
| Материјални средства | 4.2.1. | 1.682 | 2.165 |
| **Вкупно постојани средства** | | **1.928** | **2.399** |
| **Вкупна актива** | | **3.021** | **3.173** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 219 | 97 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 856 | 659 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 18 | 18 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1.093** | **774** |
| **Долгорочни обврски** | | 0 | 0 |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 1.928 | 2.399 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **1.928** | **2.399** |
| **Вкупна пасива** | | **3.021** | **3.173** |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

Државна комисија за жалби по јавни набавки

# ПРЕГЛЕД
# НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2011 година** | **2.399** | **2.399** |
| **Зголемување по основ на:** | **1.140** | **1.140** |
| Набавки | 109 | **109** |
| Донации | 807 | **807** |
| Ревалоризација на капитални средства | 224 | **224** |
| **Намалување по основ на:** | **1.611** | **1.611** |
| Отпис на капитални средства/даден ситен инвентар во употреба | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 125 | **125** |
| Амортизација | 1.486 | **1.486** |
| **Состојба 31.12.2011 година** | **1.928** | **1.928** |

# 1. ВОВЕД

## Основни податоци

1.1. Државната комисија за жалби по јавни набавки (во понатамошниот текст: Комисија) е државен орган кој е самостоен во својата работа и има својство на правно лице. Комисијата е основана согласно Законот за изменување и дополнување на Законот јаваните набавки објавен во Службен весник на Република Макеоднија број 130/2008.

1.2. Комисијата е надлежна за решавање по жалби во постапките за доделување на договори за јавни набавки пропишани со законот за Јавните набавки, како и по жалби во постапките за доделување договори за концесии и јавно приватно партнерство уредени со Законот за концесии и други сродни права.

Согласност член 200 од Законот за јавните набавки комисијата врши работи што се однесуваат на:

- одлучување за законитоста на дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија, како и на одлуките како поединечни правни акти донесени во постапките за доделување на договори за Јавни набавки, како и за други работи согласно со закон;
- државната комисија одлучува и за други барања кои во постапката на правна заштита се дозволени да ги поднесат странките во постапката и
- обезбедување на правна заштита во постапките за доделување договори за концесии и јавно приватно партнерство.

1.3. Државната комисија е составена од претседател и четири члена. Членовите на Државната комисија од своите редови избираат заменик претседател.

Претседателот и членовите на Државната комисија ги именува по пат на јавен конкурс и ги разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија за период од 5 години со право на повторен избор.

1.4. Државната комисија има стручна служба. На вработените во стручната служба се применуваат одредбите од Законот за државните службеници. Согласно Правилникот за внатрешна организација, организационата поставеност е утврдена на следните хиерархиски нивоа на внатрешна организација:

- сектори и
- одделенија

1.5. Раководење и управување

Со работата на Комисијата раководи Претседателот кој ги има правата и должностите на функционер кој раководи со орган на државната управа.

Со Одлука за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки од Преседателот на Собранието на Република Македонија број 07-4834/1 од 04 ноември 2008 со Комисијата раководи м-р Маја Малахова.

Комисијата своето финансиско работење го остварува преку сметката 020076131063710 – сметка на основен буџет, чии овластен потписник е м-р Маја Малахова, претседател на Комисијата.

1.6. За водење на жалбена постапка во постапките за јавните набавки се уплатуваат административни такси како и надомест за водење на жалбена постапка, и истите се приход ма Буџетот на Република Македонија.

Вкупниот износ кој жалителите го имаат уплатено за водење на жалбена постапка и административни такси за изјавување на жалба во текот на 2012 година изнесува 11.878 илјади денари.

Врз основа на добиените податоци од Комисијата за евиденција на примените и решените жалби во текот на 2012 година, утврдено е дека:

- од вкупно 585 предмети за работа во 2012 година, решени се 561 предмет со вкупно 633 жалби, додека нерешени предмети поради некомплетна документација и пренесени во 2013 година се 24 предмети со вкупно 25 жалби;
- во 2012 година, предмет на правна заштита пред Државната комисија во жалбена постапка, од вкупно 561 решен предмет, 371 постапки за јавни набавки биле спроведени со отворена постапка, 8 постапки спроведени со ограничена постапка, 127 постапки спроведени со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас, 28 постапки со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас, 7 постапки со преговарање без претходно објавување на оглас, 15 постапки со преговарање со претходно објавување на оглас, 1 постапка со конкурентен дијалог и 3 постапки со конкурс за избор на идејно решение;
- со оглед на новите надлежности кои Државната комисија ги доби во 2012 година, од предметите кои се решени во 2012 година 4 предмети се однесуваат на доделување на концесии и 1 предмет за воспоставување на договор за јавно приватно партнерство и
- од вкупно 561 жалбени предмети по кои постапувала Државната комисија, во 286 предмети како договорен орган се јавуваат државните органи а во 275 предмети договорни органи се единиците на локалната самоуправа, Градот Скопје и јавните претпријатија.

Против решенијата на Државната комисија за жалби по јавни набавки согласно член 230 од Законот за јавните набавки, може да се покрене управен спор пред судот надлежен за водење на управни спорови. На таков начин се остварува уставното начело на овозможување на судска заштита против одлуките на управните органи.

Во 2012 година, до Државната комисија се пристигнати вкупно 585 предмети од кои решени се вкупно 561 предмет. Против решенијата донесени од страна на Државната комисија, според податоците на Управниот суд на Република Македонија изјавени се вкупно 64 тужби што изнесува 11,40 % од вкупно донесените решенија.

Со споредба на податоците за бројот на примени и оформени предмети во период 2009-2012 година, во 2012 година, се утврдува намалување на бројот на жалбените предмети пред Државната комисија за жалби по јавни набавки, односно споредбено:

- 2009 година – 1.144 примени предмети,
- 2010 година – 868 примени предмети,
- 2011 година – 690 примени предмети и
- 2012 година – 585 примени предмети.

Особено влијание за ваквото намалување на целокупниот број на предмети во 2012 година има едукацијата на економските оператори односно преку спроведените работилници се зголеми нивото на познавање на Законот за јавните набавки кај економските оператори. Големо влијание на тоа има и самото објавување на донесените одлуки на Државната комисија за жалби по јавни набавки на веб страната, со што сите заинтересирани страни (економски оператори и договорни органи) имаат увид во работењето на Државната комисија, нивните одлуки и ставови така што сите странки имаат информација како е постапено и одлучено во одреден случај, по кој претходно веќе постапувала Државната комисија, односно постои можност да се следи конзистентноста на одлучувањето на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

## 2. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### Основни начела

2.1. Правото на корисниците за трошење на средства од Буџетот престанува на 31 декември. Сите неизмирени обврски на корисниците од фискалната година ќе бидат повторно одобрени и предвидени во позиција во Буџетот за следната фискална година.

**Утврдување на приходите и расходите**

2.2. Приходите наплатени по 31 декември на сметките на Буџетот се евидентираат како приходи на Буџетот за следната фискална година.

2.3. Приходите на буџетскиот корисник, како составен дел на Буџетот на Републиката, се обезбедуваат од: буџетот, приходи наплатени од органи, самофинансирачки активности, заеми, донации и други приходи по разни основи во согласност со закон.

2.4. Признавањето на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи содржани во главната книга на буџетскиот корисник се спроведува според сметководственото начело на парично искажување во периодот во кој настанале и се наплатени до 31 декември во тековната фискална година, според критериумот на мерливост и расположливост.

**Ограничувања**

2.5. Во рамките на расходите утврдени со Буџетот, Комисијата може да врши прераспределба меѓу расходите по намени во рамките на одобрениот буџет по претходно одобрување од Министерството за финансии. Одобрените средства за плати и надоместоци во рамките на буџетот не можат да се зголемуваат со прераспределба повеќе од 10%.

**Утврдување на состојбата на билансните позиции**

2.6. Долгорочните и краткорочните средства се искажуваат по набавна вредност утврдена врз основа на куповната цена, зголемена со издатоците кои директно можат да се додадат на расходите за набавка.

2.7. Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се внесуваат во номинален износ, а во странска валута по курсот на НБРМ на денот на билансирањето.

2.8. Побарувањата и обврските се признаваат според договорените износи, искажани во сметководствени документи (фактури, ситуации).

2.9. Долгорочните средства чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од 300 ЕВРА во денарска противвредност се класифицира како расход и се отпишува еднократно во целина при набавката.

**Амортизација и ревалоризација**

2.10. Отписот на вредноста на долгорочните средства се спроведува со праволиниска метода на отпис, со примена на пропишаните годишни стапки.

2.11. Основицата за отпис (пресметување на амортизација) се коригира за последователните издатоци со кои се подобрува состојбата на средството над неговиот корисен век на употреба, односно за вложувањата поради реконструкција, адаптација или други вложувања со кои се зголемува корисниот век на употреба, капацитетот, функционалната поврзаност и слично.

2.12. Нематеријалните средства започнуваат да се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства се спремни за употреба.

2.13. Материјалните средства започнуваат да се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства почнале да се користат за вршење на дејноста.

2.14. Ситниот инвентар се отпишува еднократно во целина при набавката.

2.15. Основица за отпишување на долгорочните средства примени без надомест претставува проценетата набавна вредност.

2.16. Обврската за отпишување не се однесува на следниве долгорочни средства:

- земјиштата и шумите;
- градежните објекти и предметите - споменици на културата, историски споменици, дела на ликовната, вајарската, филмската и друга уметност освен ако овие објекти не се користат за дејност од која се остваруваат приходи), и книгите во библиотеките;
- патишта од локално значење со земјена или макадамска подлога;
- градежните објекти (освен становите и станбените згради) и опремата на Армијата на Република Македонија, како и градежните објекти (освен становите и станбените згради) и опремата кои врз основа на посебни прописи претставува резерва за потребите за одбраната и безбедноста на Републиката, односно за извршување на функцијата на јавната и државната безбедност;
- долниот строј кај железничките и другите пруги кај патиштата, аеродромите, улиците, плоштадите, парковите и другите изградени јавни површини;
- долгорочните средства до нивното ставање во употреба;

- долгорочните средства кои трајно се надвор од употреба и
- другите долгорочни средства, чијашто употреба не е временски ограничена.

2.17. За износот на пресметаната амортизација се намалуваат средствата и изворите на капитални средства.

2.18. Буџетите и буџетските корисници вршат ревалоризација на долгорочните средства (материјалните и нематеријалните средства) со индексот на пораст на цените на производителите на индустриски производи. Ревалоризацијата се врши на крајот на годината (годишна ревалоризација) и во текот на годината за вложувањата на средствата за расходуваните, продадените или на друг начин отуѓени средства со индексот на кумулативниот пораст на цените на производителите на индустриски производи на денот на отуѓување на средствата.

2.19. Ревалоризационите резерви по годишната сметка се пренесува во корист на изворите на капитални средства.

2.20. Изворите на материјални средства со кои располага и управува секретаријатот се проценуваат според утврдената вредност на набавениот:
- Државниот – јавен капитал
- Останат капитал
- Ревалоризациона резерва
- Долгорочни обврски и
- Извори на други средства.

# 3. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## 3.1. Трансфери и донации

Оваа позиција е проценета во висина на наплатените износи за средствата кои се обезбедени од Буџетот на Комисијата, согласно одредбите од Законот за буџетите, по основ на трансфери од други нивоа на власт.

во 000 денари

| Опис | Остварено 2012 | Буџет 2012 | Остварено 2011 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(3-2) |
| Трансфери од буџетот на РМ | 11.018 | 11.600 | 9.236 | 582 |
| **Вкупно** | **11.018** | **11.600** | **9.236** | **582** |

## 3.2. Тековни расходи

### 3.2.1. Плати, наемнини и надоместоци

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средствата кои се обезбедени од Буџетот на Секретаријатот, согласно одредбите од Законот за буџетите и тоа по следните основи:

- основни плати - функционери, државни службеници и други вработени;
- одбитоци за вработените и
- придонеси за социјално осигурување.

во 000 денари

| Опис | Извршено 2012 | Буџет 2012 | Извршено 2011 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(3-2) |
| Основни плати и надоместоци | 6.938 | 7.300 | 5.466 | 362 |
| Придонеси за социјално осигурување | 2.567 | 2.700 | 2.022 | 133 |
| **Вкупно** | **9.505** | **10.000** | **7.488** | **495** |

### 3.2.2. Стоки и услуги

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од Буџетот на Комисијата, согласно одредбите од Законот за буџетите и тоа по следните основи:

- патни и дневни расходи, кои опфаќаат: патните расходи за патување во земјата и странство – хранарина, сместување и други патни расходи;
- комунални услуги, комуникација и транспорт, кои опфаќаат: електрична енергија, водовод и канализација, губретарина, пошта, телефон и телефакс, горива и масла за моторни возила, регистрација на моторни возила, транспорт на луѓе;
- ситен инвентар, алат и други материјали за поправка, кои опфаќаат: канцелариски материјали и списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените;
- поправки и тековно одржување, кои опфаќаат:услуги за одржување на згради, поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема и друга опрема, ;
- договорни услуги, кои опфаќаат: осигурување на моторни возила, други договорни услуги - волонтери , консултантски и други договорни услуги;

- други тековни расходи, кои опфаќаат:трошоци за објава на огласи и други оперативни расходи.

во 000 денари

| Опис | Извршено 2012 | Буџет 2012 | Извршено 2011 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(3-2) |
| Патни и дневни расходи | 35 | 40 | 83 | 5 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 847 | 1.150 | 741 | 303 |
| Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка | 91 | 60 | 107 | (31) |
| Поправки и тековно одржување | 400 | 200 | 478 | (200) |
| Договорни услуги | 43 | 50 | 77 | 7 |
| Други тековни расходи | 48 | 50 | 26 | 2 |
| **Вкупно** | **1.464** | **1.550** | **1.512** | **86** |

### 3.3. Капитални расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од Буџетот на Комисијата согласно одредбите од Законот за буџетите и тоа за купување на информатичка и друга опрема.

во 000 денари

| Опис | Извршено 2012 | Буџет 2012 | Извршено 2011 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(3-2) |
| Купување на мебел,опрема,возила и машини | 24 | 50 | 236 | 26 |
| Купување на друга опрема | 25 | - | | (25) |
| **Вкупно** | **49** | **50** | **236** | **1** |

# 4. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## Актива

### 4.1. Тековни средства

#### 4.1.1. Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции

Оваа позиција на ден 31 декември 2012 година е проценета според номинален износ од 7 илјади денари (во 2011 година – 7 илјади денари), а се однесува на побарувања од правни лица по основ на повеке исплатени средства.

#### 4.1.2. Побарувања од вработените

Оваа позиција на ден 31 декември 2012 година е проценета според номинален износ од 10 илјади денари (во 2011 година – 10 илјади денари), а се однесува на краткорочни побарувања од вработените.

#### 4.1.3. Активни временски разграничувања

Оваа позиција на ден 31 декември 2012 година е проценета во вкупен износ од 1.076 илјади денари (2011 година – 757 илјади денари) се однесуваат за неисплатени обврски за плати и надоместоци од плата на вработените за месец декември 2012 година и неизмирени обврски по основ на пристигнати а неплатени фактури од добавувачите.

### 4.2. Капитални средства

#### 4.2.1. Капитални средства

Состојбата и промените на капиталните средства, долгорочните пласмани и другите капитални вложувања во 2012 година се прикажани аналитички по групи во следната табела:

**ПРОМЕНИ КАЈ ПОСТОЈАНИТЕ СРЕДСТВА ВО 2012 ГОДИНА**

во 000 денари

| ОПИС | Опрема | Нематеријални средства | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3=од 1 до 2 |
| | 022 | 000 | |
| **Набавна или ревалоризирана вредност** | | | |
| **Состојба на ден 01 Јануари 2012** | 3,263 | 234 | 3,497 |
| Набавки во текот на годината | 109 | | 109 |
| Донации | 807 | | 807 |
| Ревалоризација | 212 | 12 | 224 |
| Вкупни зголемувања: | 1,128 | 12 | 1,140 |
| **Состојба на ден 31. Декември 2011** | 4,391 | 246 | 4,637 |
| **Исправка на вредност** | | | |
| **Состојба на ден 01 Јануари 2011** | 1,098 | - | 1,098 |
| Амортизација за тековната година | 1,486 | | 1,486 |
| Ревалоризација | 125 | | 125 |
| **Состојба на ден 31.Декември 2011** | 2,709 | - | 2,709 |
| **НЕОТПИШАНА ВРЕДНОСТ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА 31.12.2012** | 1,682 | 246 | 1,928 |
| **НЕОТПИШАНА ВРЕДНОСТ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА 31.12.2011** | 2,165 | 234 | 2,399 |

Пасива

## 4.3. Тековни обврски

### 4.3.1. Краткорочни обврски спрема добавувачи

Оваа позиција на ден 31 декември 2012 година е проценета во вкупен износ од 219 илјади денари (2011 година – 97 илјади денари) и се однесува на неизмирени обврски по основ на пристигнати а неплатени фактури од добавувачи во земјата.

#### 4.3.2. Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените

Оваа позиција на ден 31 декември 2012 година е проценета во вкупен износ од 856 илјади денари (2011 година – 659 илјади денари), по основ на обврска за неисплатена бруто плата за месец декември 2012 година.

#### 4.3.3. Пасивни временски разграничувања

Оваа позиција на ден 31 декември 2012 година е проценета во вкупен износ од 18 илјади денари (во 2011 година 18 илјади денари) и се однесува на ненаплатени краткорочни побарувања од вработените.

### 4.4. Извори на средства

#### 4.4.1. Извори на капиталните средства

Оваа позиција на ден 31 декември 2012 година е проценета во вкупен износ од 1.928 илјади денари (2011 година – 2.399 илјади денари) и се однесува на трајните извори на средства за работење на Комисијата. Ги опфаќаат иницијалните средства за работење зголемени за новонабавените средства, за ревалоризацијата, намалени за износот на амортизацијата .